# Секоја капка се брои




**Дали знаевте дека во просек една четвртина од сметката што ја добивате за вода се однесува на водата што ја користите надвор од вашиот дом?**

И користењето на вода не ве чини само пари. Колку повеќе вода користите, толку помалку ја имаме за нашите реки и извори, со што ја оптоваруваме нашата природна средина.

Ако направите неколку мали измени во вашата градина, можете да ја намалите количината на водата што ја користите и да помогнете да се зачува природната средина.

❶ Проверувајте ја почвата и полевајте ја градината само кога тоа е потребно

❷ Метете ги патеките по кои одите и патеките за коли - не ги полевајте со црево

❸ Полевајте рано на утро или навечер за да се намали количината на вода што се губи со испарување

❹ Покривајте ја почвата во градината со гној и слама за да може да биде влажна

❺ Полевајте рачно и користите прскалка со шкрапало

❻ Засадете растенија, на пример, локални австралиски растенија, кои бараат помалку вода

❼ Поставете резервоар за дождова вода која ќе ја користите за полевање на градината

Запамтете, кога се работи за вашиот водомер и природната средина, секоја капка се брои.

За повеќе информации на англиски јазик како да штедите вода и како можете да помогнете да се заштити нашата природна средина, посетете ги Интернет страните на www.livingthing.net.au

our environment

it's a living thing

**www.livingthing.net.au**

011804.mac